**ТЕХНОМЕТАЛ-ВАРДАР**
**извоз-увоз АД**

## Прилог кон неревидираните финансиски извештаи за период од 01.01 - 31.12.2018 г.

Во периодот што се анализира (01.01-31.12.2018) **оперативните приходи** бележат намалување од 57% во однос на истиот период минатата година. Ова намалување се должи на намалувањето на приходите од продажба кое изнесува 56% и е резултат на зголеменото намалување на приходите од закупнина и намалување на приходите од продажба на домашен пазар 43% и за 61% продажба на странски пазар. Останатите оперативни приходи се зголемени во однос на претходната година но учесвото во вкупните приходи е само 2%.

На ниво на Друштвото се прават напори за намалување на трошоците. Вкупните **оперативни расходи** се намалени и изнесуваат 32% во однос на претходната година. Намалениот обем на продажба, помалку издаден простор но и намалените трошоци од редовното работење, условија намалување на вкупните расходи. Најголемото намалување се состои во останатите расходи од работењето и тоа 39% во однос на претходната година. Капиталната загуба евидентирана во 2018година како останати расходи, се состои од продажба на имот локација Маџари, Кванташки пазар преку извршител и продажба на движен и недвижен имот добиен како дел од стечајна маса за наплата на наше побарување. Со добиените средствата е намалена кредитната задолженост кон Комерцијална Банка АД Скопје како и редовните обврски на Друштвото. Во текот на годината реализирани се и тендерите за увоз на опрема од Германија како и продадени се две возила патничко и комбе Боксер.

**Технометал-Вардар**
**Извоз-увоз АД, Скопје**